Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 43 став 3, 4 и 5 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување месечен надоместок врз основа на присуство на седници на членовитена управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува месечниот надоместок, врз основа на присуство на седница на управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес.

Член 2

За присуство на седници на управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес им се утврдува месечен надомест врз основа на присуство на седница и тоа:

- за Претседателот надоместок во износ од _____ и
- за членовите надоместок во износ од _____.

Член 3

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 07.10.2026 година од страна на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес до Советот на Општина Велес е доставено Барање за определување надомест за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес со бр.09-4278/1.

Како дополнителен прилог кон барањето е доставен Преглед на исплатена просечната нето-плата на вработените во јавната установа-ЛБ „Гоце Делчев“Велес исплатена во претходната година.

Согласно член 43 став 3, 4 и 5 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22):

(3)„ Членовите на органот на управување на јавната установа имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на органот на управување на јавната установа.

(4) Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на органот на управување на јавната установа поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година.

(5) Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на органот на управување во јавната установа со одлука го утврдува основачот на јавната установа “.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за финансирање и буџет треба да поднесе Извештај од работата на комисијата со предлог за надоместок на членовите на претседателот и членовите на управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес до Советот на Општина Велес.

ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА
"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 03-2821
05.10.2026
ВЕЛЕС

Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес
ул. „Алексо Демниевски“ бр. 11 Велес, тел:043/212 032
е-адреса:contact@bibliotekaveles.org.mk www.bibliotekaveles.org.mk

Архивски знак: 0906
Рок на чување: ВРЕМЕНО
20 ____ год
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Прим. 07 -10- 2026
Орг. ед. Вредност
09-4278/1 1

До

Претседател на

Советот на Општина Велес

Предмет Барање определување надомест за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките(„Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 89/08, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр .122/21), член 43 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) и член 17 став 3 од Статутот на Локалната библиотека„Гоце Делчев“ – Велес бр.01-130 од 22.04.2026, Локалната библиотека„Гоце Делчев“ – Велес бара да се определи висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор.

Врз основа на расположливите финансиски средства , одобрениот финансиски план и бројот на одржани седници во текот на годината, Библиотеката предлага надоместокот за присуство на седница на Управниот одмор да изнесува нето износ 1.000 ден од седница за секој член.

Со почит,

Директор

на Локалната библиотека„ Гоце Делчев“ Велес

С. Бошевска

Снежана Бошевска

Магдалена Спасева

From: Gordana Vaskovska <gordanavaskovska@yahoo.com>
Sent: среда, 14 октомври 2026 15:45
To: Магдалена Спасева
Subject: Re: барање за дополнување
Attachments: преглед 003.jpg

Почитувана ,
Просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година 2025 изнесува 43.215
Во прилог ви доставуваме Преглед за исплатени нето плати во 2025 год, од кои може да се види дека нето платата изнесува 5.185.754/12 месеци=432.146 / 10 вработени=43.215

On Wednesday, October 14, 2026 at 02:52:40 PM GMT+2, Snezana Bosevska <snezanabosevska@yahoo.com> wrote:

----- Forwarded Message -----
From: Магдалена Спасева <magdalena.spaseva@veles.gov.mk>
To: gordana.vaskovska@yahoo.com <gordana.vaskovska@yahoo.com>; snezanabosevska@yahoo.com <snezanabosevska@yahoo.com>
Cc: Анита Пивкова <anita.pivkova@veles.gov.mk>; Надица Габерова <nadica.gaberova@veles.gov.mk>
Sent: Wednesday, October 14, 2026 at 02:45:47 PM GMT+2
Subject: барање за дополнување

Почитувани,

На ден 07.10.2026 година од Ваша страна до Советот на Општина Велес е доставено Барање за утврдување месечен надоместок за присуство на седници на членовите на управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес.

Согласно член 43 став 4 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22): „ Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на органот на управување на јавната установа поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година", потребно е да ни доставите Преглед на исплатена просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година.

Врз основа на горенаведеното, Советот ќе донесе Одлука за утврдување месечен надоместок за присуство на седници на членовите на управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес.

Со почит,

Магдалена Спасева

Раководител на
Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
Општина Велес
ул. Панко Брашнар 1, 1400 Велес
тел: +389 43 232 406; факс: +389 43 232 966; моб: : +389 76 495 858 ;+389 72 212 168
www.veles.gov.mk

Magdalena Spaseva
Department of Legal and General Affairs and local government
Municipality of Veles
Str. Panko Brashnar 1, 1400 Veles
Tel: +389 43 232 406; fax: +389 43 232 966; mob: : +389 76 495 858 ;+389 72 212 168
www.veles.gov.mk

Напомена: Општина Велес
Оваа електронска порака (вклучувајќи ги и прилозите) е доверлива и наменета исклучиво за примателот. Доколку не сте наменетиот прима тел, ве молиме веднаш известете го испраќачот и избришете ја пораката. Секое неовластено користење, копирање или дистрибуција е строго забрането. Општина Велес не сноси одговорност за евентуални измени, задоцнувања или штети настанати при преносот на оваа порака.

Disclaimer: Municipality of Veles
This email (including any attachments) is confidential and intended solely for the recipient. If you are not the intended recipient, please notify the sender immediately and delete this message. Any unauthorized use, copying or disclosure is strictly prohibited. Municipality of Veles accepts no liability for any alteration, delay or damage arising from this communication.

Ве молиме не ја печатете оваа порака освен ако не е неопходно. Зачувајте ја природата.
Please do not print this email unless it is necessary. Think about the environment.

⚠ **ВНИМАНИЕ: [НАДВОРЕШНА ПОРАКА]**
Оваа електронска порака е испратена од надвор од Општина Велес. **НЕ ОТВОРАЈТЕ ЛИНКОВИ И ПРИЛОЗИ и НЕ ВНЕСУВАЈТЕ ЛОЗИНКИ ИЛИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**, освен доколку сте сигурни во идентитетот и веродостојноста на испраќачот. Во случај на сомнеж, контактирајте го **Одделението за информатичка технологија.**

год	месец	БрутоПлата	Одбитоци	ДОСЛ	ПД	НетоПлата
2024	12	646348.00	180976.00	85860.00	37951.00	427421.00
2025	01	646348.00	180976.00	92430.00	37294.00	428078.00
2025	02	569653.00	159502.00	82160.00	32799.00	377352.00
2025	03	597551.00	167316.00	82160.00	34807.00	395428.00
2025	04	597551.00	167316.00	82160.00	34807.00	395428.00
2025	05	598165.00	167488.00	82160.00	34851.00	395826.00
2025	06	598165.00	167488.00	82160.00	34851.00	395826.00
2025	07	598165.00	167488.00	82160.00	34851.00	395826.00
2025	08	598389.00	167550.00	82160.00	34868.00	395971.00
2025	09	598812.00	167668.00	82160.00	34899.00	396245.00
2025	10	594230.00	166385.00	82160.00	34569.00	393276.00
2025	11	593543.00	166192.00	82160.00	34519.00	392832.00
2025	12	598812.00	167668.00	82160.00	34899.00	396245.00
		7835732.00	2194013.00	1082050.00	455965.00	5185754.00